**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# Предлог-ПРОГРАМА

## ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПАТИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ
## 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на Општина Сопиште (Службен гласник на Општина Сопиште бр. 2/97 ) и член 14 став 8 од Закон за јавните патишта (Сл. весник на РМ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011, 53/2011 и 44/2012), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за реконструкција и одржување на земјоделски патишта на територија на Општина Сопиште за 2019 година

### 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Стратешка цел на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на општинските улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Сопиште.

### 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на програмата за реконструкција и одржување на земјоделски патишта се :

- Реконструкција и санација на земјоделските патишта
- Проширување на земјоделските патишта
- Порамнување и тапмонирање на постојните пробиени земјени патишта
- Санирање на банкините и крпење на ударните дупки кои се оштетени од поројните дождови
- Сечење на дрва и гранки

### 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со програмата за реконструкција и одржување на земјоделски патишта на територија на Општина Сопиште се уредуваат условите и начинот на управувањето, планирањето за реконструкција и одржување на земјоделските патишта.

За реконструкција и изградба на земјоделски патишта месната самоуправа поднесува барање до локалната самоуправа и ги решава имотно правните спорови со писмен доказ.

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за реконструкција и одржување на земјоделските патишта ги изведува ЈКП Сопиште-Сопиште.
Изведувачот има обврска редовно, периодично и интервентно одржување на општинските улици и земјоделски патишта.

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката за реконструкција и одржување на земјоделските патишта ќе се утврдат со оваа Програма и тоа :

- активности за континуирано одржување на општинските улици и земјоделските патишта за безбедно одвивање на сообраќајот
- активности за континуирано одржување на тротоарите
- работи на периодично одржување кои повремено се превземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура
- констатирање на оштетувања и навремено превземање на мерки и активности за нивно санирање, со поправка на ударни дупки и санација на прекопи
- работи на интервентно одржување за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на општинските улици и земјоделски патишта
- редовно следење на состојбите на коловозите и тротоарите на општинските улици и земјоделски патишта

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средствата.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за за реконструкција и одржување на земјоделските патишта на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

## 6.1. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 800.000,оо |
| **ВКУПНО** | **800.000,оо** |

## 6.2. БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| БУЏЕТ 2019 | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Реконструкција | 400.000,оо |
| Одржување | 200.000,оо |
| Изградба и одржување на пропусти | 150.000,оо |
| Сечење на дрва и гранки по земјоделските патишта | 50.000,оо |
| **ВКУПНО** | **800.000,оо** |

## 7. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата е задолжен Градоначалникот и Одделението за комунални работи на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

_________________________